МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009
Број на сертификат: СТ-16/3-023

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

Бр._02-10179/2
21.11.2018 год.

Ул. Аминта Трети бр. 2
1000 Скопје,
Република Македонија

Тел. (02) 3134 477
Факс: (02) 3134 477
Е-пошта: info@mzsv.gov.mk
Сајт: www.mzsv.gov.mk

Врз основа на членот 74-б став (1) од Законот за квалитетот на земјоделските производи (Сл. весник на Република Македонија бр. 140/10, 53/11, 55/12 и 106/13, 116/2015, 149/2015, 193/2015 и 39/2016), Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за овластување на лабораторија за анализа и суперанализа на земените примероци за контрола на квалитетот на јајца и месо од живина**

Се овластува правното лице ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА – Скопје при Универзитет Св. Кирил и Методиј Скопје, да врши анализа и суперанализа на земените примероци за контрола на квалитетот на јајца и месо од живина

***Образложение***

Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје при Универзитет Св. Кирил и Методиј Скопје ул. Лазар Поптрајков 5-7 1000 Скопје, поднесе барање бр. 02-10179/1 од 17.10.2018 година со придружна документација согласно член 74-б став (1) од Законот за квалитет на земјоделски производи („Службен весник на Република Македонија" бр. 140/10, 53/11, 55/12, 106/13, 116/15, 149/15, 193/15 и 39/16) и со кое се бара издавање на решение за овластување на лабораторија за анализа и суперанализа на земените примероци за контрола на квалитетот на на јајца и месо од живина.

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство го разгледа доставеното барање и придружната документација, а согласно член 74-б став (2) од Законот за квалитетот на земјоделските производи по службена должност од Институтот за акредитација на Република Македонија беше обезбеден Прилогот кон Сертификат за акредитација бр. ЛТ-006 од 11.07.2018 година во кој се дадени акредитираните методи за тестирање на лабораториите при УКИМ Факултет за ветеринарна медицина Скопје. Согласно истиот член обезбеден е и документ за бројот, квалификациите и степенот на образование на вработените во Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје.

По детална проверка на целокупната документација се утврди дека барателот ги исполнува пропишаните услови утврдени во член 74-а став (4) од Законот за квалитетот на земјоделските производи, а воедно поседува акредитација за методите утврдени во Прилог 1 и Прилог 2 од Правилникот за методите за утврдување на вкупната содржина на вода во лабораторија (хемиски тест) („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/11).

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

[redacted]

Упатство за правно средство:

Против решението за одбивање на барањето, барателот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен

Доставено до:
- Барателот
- Архива на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

Овл. Раководител на Сектор за маркетинг
и квалитет на земјоделски производи
Јане Новачков

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
СКОПЈЕ

Изработил: Мујафет Насуфи
Контролирал: Игор Деспотовски
Сектор за маркетинг и квалитет на земјоделските производи